Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија врз основа на член 68 од Судскиот деловник („Сл.весник на РМ“ бр.66/2013 и 114/2014) и член 31, 32, и член 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Сл.весник на РСМ“ бр.14/2022 од 20.01.2022 година), расправајќи по правно прашање од интерес за воедначување на судската практика на апелационите судови на Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 31.10.2024 година, го утврди следното:

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

**Судот може да определи супер вештачење во услови кога нема две спротивставени вештачења, кога податоците на вештаците за нивниот наод не се сложуваат суштествено, или ако наодот на еден или на повеќе вештаци е нејасен, нецелосен или во противречност самиот со себеси или со испитаните околности, а тие недостатоци не можат да се отстранат со повторно сослушување на вештаците и тоа не претставува суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од релативен карактер.**

О б р а з л о ж е н и е

На работна средба на четирите апелациони судови одржана на ден 23 и 24 март 2023 година, донесен е заклучок правното прашање дали претставува суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од член 343 став 1 во врска со член 246 од Законот за парничната постапка, ако судот определи супер вештачење во услови кога нема две спротивставени вештачења, да се достави на Врховниот суд на Република Северна Македонија заради вооедначување на судската практика помеѓу судовите на четирите апелациони судови во врска со примената на член 246 од Законот за парничната постапка.

Правното прашање е поставено од страна на Апелациониот суд Скопје, поради постоење неусогласеност помеѓу заклучокот на четирите апелациони судови од 2019 година според кој, судот ќе определи супер вештачење во смисла на член 246 став 2 од Законот за парничната постапка, само доколку во текот на постапката се изведени две спротивставени вештачења и судската практика на Апелациониот суд Скопје изразена преку одлуки.

Апелациониот суд Скопје во одлуките ТСЖ-374/22 од 17.11.2022 година и ТСЖ-933/22 од 20.10.2022 година, го изразил ставот дека согласно член 246 став 2 од Законот за парничната постапка, може да се определи супер вештачење и ако постои само еден вешт наод, а истиот е нејасен, противречен самиот на себе си, а тој недостаток не може да се отстрани со повторно сослушување на вештото лице, кој став е изразен и во одлуката на Врховниот суд на Република Северна Македонија РЕВ1.бр.138/21 од 11.03.2022 година.

Апелациониот суд Битола по однос на правното прашање останал на претходно донесениот заклучок од 2019 година во насока дека ако постои само едно вештачење, а нема спротивставено друго вештачење и судијата определи супер вештачење, тоа ќе претставува суштествена повреда од член 343 став 1 од Законот за парничната постапка.

Апелациониот суд Гостивар го изразил ставот дека не претставува суштествена повреда на парничната постапка од член 343 став 1 доколку судот определи супер вештачење согласно член 246 став 2 од Законот за парничната постапка, во случај кога вештачењето е изготвено од повеќе вештаци и нивните ставови суштински се разликуваат и тие ставови не можат да се отстранат со нивно повторно сослушување.

Апелациониот суд Штип завзел мислење дека не претставува суштествена повреда на парничната постапка од член 343 став 1 во врска со член 246 став 2 од Законот за парничната постапка, кога судот определил супер вештачење, ако наодот на еден или повеќе вештаци е нејасен, нецелосен или во противречност самиот со себеси или со испитаните околности, а тие недостатоци не можат да се отстранат со повторно сослушување на вештаците.

За разрешување на ова правно прашање и воедначување на судската практика на судовите, Врховниот суд на Република Северна Македонија на седница на Одделот за граѓански дела, го донесе горенаведеното правно мислење, од следните причини:

Согласно член 343 став 1 од Законот за парничната постапка, суштествена повреда на одредбите од парничната постапка постои, ако судот во текот на постапката не примени или неправилно примени некоја одредба од овој закон, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда. На оваа повреда судот не внимава по службена должност, туку само ако странката се повика во текот на постапката, а неправилното применување на некоја одредба од Законот за парнична постапка, би влијаело на донесувањето на законита одлука.

Согласно член 246 став 2 од истиот закон, кога податоците на вештаците за нивниот наод не се сложуваат суштествено, или ако наодот на еден или на повеќе вештаци е нејасен, нецелосен или во противречност самиот со себеси или со испитаните околности, а тие недостатоци не можат да се отстранат со повторно сослушување на вештаците, судот може да определи супер вештачење.

Во услови кога постои само едно вештачење доставено од странката во текот на постапката, а во тоа вештачење наодот на вештото лице е нејасен, или противречен самиот на себеси, а недостатоците во вештачењето не можат да се отстранат со повторно сослушување на тоа вешто лице, а заради правилно утврдување на фактичката состојба, а со тоа и заради правилна примена на материјалното право, првостепениот суд може да определи да се изведе доказ

со супер вештачење во смисла на член 246 став 2 од Законот за парничната постапка.

Од сето напред изнесено, следуваше да биде утврдено Правното мислење.

**Оддел за граѓански дела**